Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR

osce.org/odihr





Организација за безбедност и соработка во Европа

Канцеларија за демократски институции и човекови права

# Најдобри пракси за интеграција на Ромите

Најдобри пракси за интеграција на Ромите е регионален проект кој се спроведува во Западниот Балкан. Неговата цел е, имајќи ги предвид превземените обврски кои произлегуваат од можното членство во ЕУ и членството во ОБСЕ, да придонесе во интеграцијата на Ромите од регионот.

Како дел од Акциониот план на ОБСЕ за Роми и Синти од 2003 година, Декадата за инклузија на Ромите и националните владини стратегии за интеграција на Ромите, владите, не-владините организации и ромското граѓанско општество од Западниот Балкан работат заедно кон промоцијата на социјалната инклузија на Ромите и во борбата со дискриминацијата со која тие се соочуваат.

Генералниот директорат за проширување на ЕУ има одржано низа конференции за Ромите кои на високо ниво ги вклучија владите од регионот и притоа генерираа серија на заклучоци и заложби. Ако Ромите навистина добијат придобивки од истите, владите ќе мора да ги зголемат своите напори и да изнајдат иновативни решенија. Граѓанските организации, а особено ромските НВО, ќе мора да продолжат со нивните барања за реформи, предлози заповеќе инклузивни решенија и со јакнење на свеста за статусот на Ромите.

Овој проект ќе го подржи ваквиот процес преку промоција на иновативни програми и преку овозможување на соработка помеѓу локалните и националните власти, независните институции и граѓанското општество.

## Детаљи за проектот:

**Каде:**
Во Западниот Балкан

**Целни јурисдикции:**
Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово*, поранешна југословенска Република Македонија, Црна Гора и Србија

**Имплементиран од:**
Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР), во соработка со теренските операции на ОБСЕ

**Кога:**
Јануари 2012 – ноември 2013

**Буџет:**
3.3 Милиони евра

**Финансирано од:**
Европска унија (90 проценти)
Земјите членки на ОБСЕ (10 проценти)

*„Овој проект е клучен во помагањето на администрациите и граѓанското општество во регионот во нивната борба со дискриминацијата и промоцијата на еднакви можности за Ромите, а притоа осигурувајќи дека ромските заедници, нивните претставници и граѓанското општество ќе имаат сопственост врз сеопфатни и одрживи програми кои ќе ја подобрат нивната состојба.“*

Амбасадор Јанез Ленарчиќ
Директор на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права

* Оваа одредба е без предрасуда кон позициите за статусот и е во согласност со Резолуцијата број 1244/99 на Советот за безбедност на ОН и Мислењето на Меѓународниот суд на правдата за декларацијата на независност на Косово.

Проектот е финансиран од ЕУ

Подржано од земјите членки на ОБСЕ

Имплементиран од
OSCE ODIHR

osce.org/odihr





Организација за безбедност и соработка во Европа
Канцеларија за демократски институции и човекови права

# Проектот има пет главни компоненти:

## 1. Учество во политичкиот и јавниот живот и во донесувањето одлуки

Проектот ќе ги идентификува потребите и ресурсите потребни за имплементација на националните стратегии и акциски планови и ќе се фокусира на локално учество на Ромите. Одбраните добри пракси ќе се искористат за изработка на заеднички протокол кој ќе им помогне на локалните самоуправи во дефинирањето и спроведувањето на иницијативи кои ќе го охрабрат учеството на Ромите. Особено внимание ќе се посвети на вклучувањето на жените Ромки и нивното мотивирање да ги штитат своите интереси и права.

## 2. Пристап до правна помош

Ќе бидат презентирани најдобри пракси за граѓанска регистрација на Ромите – особено внатрешно раселените лица, бегалците и мигрантите – и истите ќе бидат споделени со соодветните авторитети, законодавци и експерти. Проектот ќе ги потенцира во регионален контекст политиките и практичните методи кои се осврнуваат на административните и финансиските пречки во регистрацијата.

Паралелно, проектот ќе дизајнира и спроведе кампањи кои ќе ги информираат Ромите за постапките при регистрација и ќе ги охрабрат да аплицираат за лични документи. Ова ќе биде спроведено во соработка со ромското граѓанско општество.

## 3. Легализација на домовите и населбите

Проектот ќе се залага за легализација на ромските населби преку ширење на информации за постојните стандарди, административни и правни регулативи, потребните чекори и примери од најдобри пракси. За да се постигне оваа цел, ќе се работи, како со локалните самоуправи, така и со ромските заедници. Ќе бидат организирани кампањи кои ќе ги охрабрат Ромите да ги остварат своите права за домување, а, исто така, ќе бидат обезбедени и мали грантови за иновативни и одржливи иницијативи за населбите кои се, или ќе бидат легализирани.

## 4. Борба против дискриминацијата и промовирање на видливоста на ромските заедници

Институционализацијата на анти-дискриминативните пракси ќе биде промовирана низ целиот регион, со фокус кон подобрувањето на пристапот на Ромите до образованието, здравството и социјалната заштита.

Во исто време, проектот ќе се осврне на јавната дискриминација и предрасудите кон Ромите преку пружање на можности за јавните медиумски куќи и новинарите да презентираат непристрасна слика за Ромите, преку документарци, медиумски извештаи и обука на новинари.

## 5. Регионална соработка

Проектот ќе промовира регионална соработка преку билатерални и мултилатерални собири на експерти и преку можности за размена на мислења помеѓу властите и граѓанското општество.


Контактирајте не на:
ul. Miodowa 10, 00-251 Warsaw, Poland
Тел: +48 22 520 06 00
Факс: +48 22 520 06 05
bpri@odihr.pl



Проектот е финансиран од ЕУ

Поддржано од земјите членки на ОБСЕ

Имплементиран од
OSCE ODIHR